**УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ**
**BRONLES DIRECT / БРОНЛЕС ДИРЕКТ 750 mg/10 ml перорален раствор**
***(carbocisteine)***

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт. И покрај тоа, треба да го употребувате претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни податоци.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.
- Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 5 дена, тогаш мора да појдете на доктор.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува Бронлес директ и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Бронлес директ
3. Како да се употребува Бронлес директ
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Бронлес директ
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА БРОНЛЕС ДИРЕКТ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Лекот Бронлес директ 750 mg/10 ml перорален раствор ја содржи активната супстанција карбоцистеин.Спаѓа на групата лекови наречени муколитици. Дејствува на тој начин што ја прави слузта (шлајмот) помалку леплива, со што се овозможува полесно искашлување. Бронлес директ се користи за проблеми со дишните патишта (респираторен систем). Овие проблеми се појавуваат кога прекумерно се создава слуз или кога слузта е премногу леплива.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ БРОНЛЕС ДИРЕКТ

**Немојте да употребувате Бронлес директ ако:**
- сте алергични (преосетливи) на карбоцистеин или на некоја помошна состојка на Бронлес директ (наведени во делот 6);
- Знаци на алергиска реакција се: исип, проблеми со голтањето или со дишењето, отекување на усните, лицето, грлото или н јазикот.
- имате чир на желудникот или на цревата.

Не го земајте лекот ако нешто од горенаведеното се однесува на Вас. Ако не сте сигурни, консултирајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете Бронлес директ.

**Бидете особено претпазливи со Бронлес директ и известете го Вашиот доктор ако:**
- ако сте постари;
- имате анамнеза за чир на желудникот или на цревата;
- земате други лекови за кои е познато дека предизвикуваат крварење во желудникот.

**Бременост и доење**

Известете го Вашиот доктор, пред да го земете овој лек, ако:

- сте бремена, планирате да забремените или ако мислите дека сте бремена. Овој лек не треба да го употребувате во првите три месеци од бременоста.
- доите или планирате да доите.

**Важни информации за некои состојки на Бронлес директ**

Една ќесичка од лекот (10 ml) содржи 4,24 mmol или 97,54 mg натриум. Треба да се земе предвид кај пациенти кои се на диета со контролирано внесување натриум.
Лекот содржи натриум метилпарахидроксибензоат кој може да предизвика алергиски реакции (можни се одложени реакции).
Овој лек содржи малтитол и сорбитол. Ако Вашиот доктор Ви кажал дека не поднесувате некои шеќери, контактирајте со него пред да го употребите лекот.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА БРОНЛЕС ДИРЕКТ

Секогаш употребувајте го Бронлес директ точно онака како што е опишано во ова упатство или како што Ви препорачале докторот или фармацевтот.
Ако не сте сигурни како, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.

**Земање на лекот**

- Земето го овој лек преку уста.
- За директно пиење. За Бронлес директ се избрани ќесички кои едноставно се отвораат.
- Ако чувствувате дека лекот е премногу слаб или премногу јак, не ја менувајте сами дозата, туку консултирајте се со Вашиот доктор.

**Детали за начинот на примена можете да видите на следните слики:**


слика 1


слика 2


слика 3

Пред употреба нежно истегнете ја ќесичката, како што е прикажано (слика 1).
Цврсто стегнете ја ќесичката и отворете (слика 2).
Растворот се пие со истиснување на содржината од ќесичката, сè додека не се испразни (слика 3).

**Препорачано дозирање**

ЛЕКОТ Е НАМЕНЕТ ЗА ВОЗРАСНИ И ЗА ДЕЦА НАД 15-ГОДИШНА ВОЗРАСТ.
Лекот е наменет за перорална употреба.
Една ќесичка од 10 ml содржи 750 mg карбоцистеин.
Вообичаена доза е 750 mg карбоцистеин трипати дневно, или една ќесичка од 10 ml 3 пати на ден. Ако Ви се подобрат симптомите, дозата може да се намали на 2 ќесички дневно (земени одделно). Овој лек е приспособен за пациенти кои се на нискокалорична диета и/или на диета со намалено внесување шеќери.
Ако чувствувате дека ефектите на Бронлес директ се премногу силни или не се доволни силни, Ве молиме разговарајте со Вашиот доктор или фармацевт.
Ако симптомите (кашлица) перзистираат, консултирајте се со Вашиот доктор.

**Времетраење на терапијата**
Лекот е наменет за краткотрајна употреба. Терапијата со Бронлес директ не треба да трае подолго од 5 дена.

**Ако сте зеле поголема доза Бронлес директ отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза Бронлес директ перорален раствор, отколку што треба, известете го докторот или побарајте помош во здравствена установа.Земете го пакувањето од лекот со Вас за докторот да знае каков лек сте зеле. Ако сте зеле премногу ќесички, возможно е да добиете желудочни проблеми (гастроинтестинални нарушувања).

**Ако сте заборавиле да земете Бронлес директ**
Ако сте заборавиле една доза, не се грижете; само почекајте да дојде време за следната доза. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови и Бронлес директ може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.

**Престанете со употреба на Бронлес директ и веднаш известете го Вашиот доктор или одете во најблиската болница ако имате:**
- алергиска реакција која вклучува: исип, тешкотии при голтањето и при дишењето, оток на усните, лицето, грлото или на јазикот;
- меурчиња или крвавење на кожата, вклучувајќи го пределот околу усните, очите, устата, носот и гениталиите. Исто така може да имаате и симптоми слични на грип и на треска. Ова може да бидат знаци за Стивенс-Џонсонов синдром.

**Веднаш известете го Вашиот доктор ако забележите некој од следните сериозни несакани ефекти:**
- крв во повратената желудочна содржина или црна, катранеста столица.

**Известете го Вашиот доктор или фармацевт ако забележите некој од следните сериозни несакани ефекти:**
- повраќање.

Ако кој било несакан ефект станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ НА БРОНЛЕС ДИРЕКТ

Лекот да се чува на температура под 25 °C, во оригиналното пакување.
Лекот да се чува на места недостапни за децата!
Не употребувајте Бронлес директ по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Бронлес директ**
*Активна супстанција:* карбоцистеин.
10 ml раствор (една еднодозна ќесичка) содржи 750 mg карбоцистеин.
*Помошни состојки:* натриум сахарин; натриум метилпарахидроксибензоат (E219); хидроксиетилцелулоза; карамел/со вкус на ванила; сорбитол, течен (70 %), некристализирачки (E420); малтитол, течен (E965); натриум хидроксид и пречистена вода.

**Изглед на лекот Бронлес директ и содржина на пакувањето**
Прозрачен, вискозен, светлокафен раствор, со вкус на карамел.
Еднодозна ќесичка (PET/Al/PE фолија) со 10 ml раствор.
Кутијата содржи 15 еднодозни ќесички и упатство за пациентот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР).

**Број и датум на решението за промет**

---

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000;
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Мај 2017 г.